Врз основа на член 145 став (1) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), министерот за животна средина и просторно планирање на ден ............................ донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

Член 1

Со ова решение се формира Национален совет за заштита на природата.

Член 2

Националниот совет за заштита на природата е составен од претседател и осум члена.

Член 3

Претседател на Националниот совет за заштита на природата е министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

Член 4

За членови на Националениот совет за заштита на природата се именуваат следните лица:

1. Ивана Серафимова - претставник на здружение на општини.

2. Акад. Владо Матевски - претставник од Македонска академија на науките и уметностите.

3. Акад. Владо Камбовски - претставник од Македонска академија на науките и уметностите.

4. Проф. д-р Ивица Милевски – претставник од Универзитет „Свети Кирил и Методиј“, Природно-математички факултет, Институт за географија.

5. **Проф. д-р Митко Караделев** – претставник од Универзитет „Свети Кирил и Методиј“, Природно- математички факултет, Институт за биологија.

6. **Доц. д-р Бесник Рецепи** - преставник од Државен универзитет во Тетово.

7. **М-р Робертина Брајановска** – претставник од НВО Македонско Еколошко друштво.

8. **Ана Чоловиќ Лешоска** – претставник од НВО Екосвест / WWF Adria.

**Член 5**

Со денот на влегувањето во сила на ова решение, престанува да важи Решението за формирање на националниот совет за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/09).

**Член 6**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02- 2104/1
08. 04. 2021 година
Скопје

Министер за животна средина и просторно планирање

НАСЕР НУРЕДИНИ

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 145 став (1) став (4), член 146 и член 147 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) се формира решение за национален совет за заштита на природата.

Врз основа на горенаведеното, министерот за животна средина и просторно планирање го донесе ова решение.